Д-р Нелко СТОЈАНОСКИ

# ЕТНИЧКО-ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ И РЕЛИГИСКИ ДИСТИНКТНИТЕ КУЛТУРНИ ОБРАСЦИ КАКО ФАКТОР НА СЕМЕЈНАТА (ДЕЗ)ИНТЕГРАЦИЈА

Еден од позначајните проблеми со кој се сретнува современото семејство (а и семејството воопшто) е семејната интеграција или дезинтеграција. Тоа произлегува од фактот што интегрираното семејство е стабилно, „нормално" и најпогодно во одреден временски период да одговори на своите индивидуални и општествени цели. Бидејќи семејството не е безлична институција, туку интимна заедница на луѓе, во поимот на семејната интеграција и нормалност влегуваат и чувствата на задоволство и вклученоста на членовите во семејството како интимна заедница. Меѓутоа се поставува прашањето дали е можно да се мери успешноста на бракот и семејството,како и неговата интегрираност[1]. Успешноста на брачната заедница и задоволството од брачниот и семејниот живот зависат од многу фактори, што го отежнува определувањето на „нормалното" семејство, со кое би се компарирало семејството кое од таквиот модел би отстапувало. Сепак и колку да се чини дека прашањето е релативно и субјективно, можат да се утврдат некои индикатори кои го карактеризираат интегрираното семејство, кое е стабилно, за разлика од нестабилните и дезинтегрираните. Така под интегрирано семејство би се подразбирало присутност на сите членови на семејството (комплетно семејство), нормално функционирање на семејството на основа доброволно извршената поделба на трудот, исполнување на општествено пропишаните улоги, како што се материјално обезбедување,грижа за членовите на семејството, исполнување на брачните должности, како и тоа семејството да ги исполни и очекувањата од него како човечка заедница, односно да биде вистински дом за човекот во кој ќе може човечки да се живее.

Веднаш да истакнеме дека ваквата определба не е без слабости, зашто е тешко да се одговори кои улоги се основни.

---

1 Golubovic Z.:Porodica kao ljudska zaednica,Naprijed,Zagreb,1981 god. str.211

Сепак некои улоги нужно мора да бидат истакнати, како нивното непостоење би ни послужило како индикатор за дезинтегрирано семејство. Така накратко речено дезинтегрираното семејство би било она семејство кое не е во состојба да ги исполнува своите задачи во однос на своите членови, при трајно присутна нестабилност и дезинтеграција која конечно (најчесто) завршува со раскинување на таквата заедница со сите консеквенции кои од тоа произлегуваат.

На брачната и семејната интеграција и дезинтеграција влијаат повеќе фактори. Меѓу позначајните е секако изборот на брачниот другар, кој ги следи правилата на хомогамијата по сите основи. Тоа значи дека секој си избира партнер што му е општествено близок по низа особености. Љубовните чувства се ретко импулсивни. Најчесто за да се појават треба да постои можност за тоа, што значи да има доволно долги и повеќекратни средби каде тие чувства би се развиле. На брачната интеграција и погодува образовната и професионалната хомогамија, како и блиската возраст на сопружниците. Меѓутоа, нас овој пат особено не интересира влијанието на етничко-традиционалните и религиски културните обрасци што се формираат кај луѓето и нивното влијание на брачната и семејната интеграција, односно дезинтеграција.

Македонскиот културен простор бил плурален, како во минатото, така и денеска, колку и да настојуваат тоа да го негираат некои загрижени националисти. Во рамките на Македонија се случувале некои поместувања, што било условено од бројноста на групите и нивната општествена положба, како и од аспирациите одредени групи својата култура да ја наметнат на некој друг колективитет преку асимилација (каков што е случајот со Македонците од исламска вероисповед). Но во секој случај различните групи својата култура ја развивале и негувале, често живеејќи изолирано и не дозволувајќи културно преплетување и примање на културните особености од другите заедници.

Немајќи можност да го провериме општиот степен на интегрираност на семејствата, ниту степенот на задоволство во бракот, што само по себе не би било доволен и единствен индикатор за стабилноста на семејството, во овој труд предмет на анализа ќе бидат оние индикатори кои укажуваат на постоење на дезинтеграција или довеле до потполн слом на семејството. Ако

дезинтегрираното семејство го одредивме како семејство, во кое поради различни причини, настанале конфликти кои не можеле да се разрешат на поинаков начин освен со раскин на брачната заедница, непостоела или исчезнала емоционалната поврзаност, немало солидарност, со други зборови неможеле да се задоволат најзначајните семејни цели и барања, тогаш потполниот слом, разводот, ќе претставува сигурен индикатор за дезинтегрираноста на семејството.

Особена тешкотија да ја реализираме поставената цел се појавува кога се сака да се согледа состојбата дали етничките и религиските обрасци ја помагаат или влијаат негативно на семејната интеграција. За тоа не можат да се добијат податоци од званичната статистика. Единствено можат да се добијат податоци за етничко мешаните бракови (кои донекаде би укажувале дека постои етничка интеграција) и податоци за бројот на разводите кај етнички мешаните бракови. Досега не се водеше евиденција за религиската припадност. Заради тоа за овој труд некои податоци се користени од податоците на Републичкиот завод за статистика,а некои од едно мое истражување за разводите на бракот[2]. Склучувањето и разведувањето на етнички хомогамните и етнички хетерогамните бракови може да биде значаен индикатор за етничката интеграција и дезинтеграција.

Досегашните истражувања на бракот потврдија дека тој бил регулиран било со обичајни, било со морални или со правни норми, што најчесто значело и пропишување и определување на одредени општествени цели на брачната заедница. Со тие норми било искажано и барањето од кој културен круг треба да биде избран брачниот другар. Така било вообичаено брачниот другар да се избира од одредена генерација, да живее во одредена општествена и географска средина, да припаѓа на групата со иста или слична општествена положба, да зборува со истиот јазик, да има иста религија, обичаи и етничка припадност. Во целата досегашна македонска историја постоела религиска сегрегација, која често подразбирала и национална, што оневозможувало склучување на религиски и етнички мешани бракови, при што ре-

2 За ова погледај пошироко во трудот Стојаноски Н.: „Основните детерминанти на разводите на бракот во Македонија", докт. дис. ракопис, 1993 г.

лигиската бариера била позначајна од етничката. Меѓутоа, пак браковите кои ќе се склучеле биле хомогени по повеќе основи, што ги правело цврсти, стабилни и внатрешно интегрирани. Тоа го потврдуваат досегашните истражувања, според кои, доколку сопружниците имаат исти или блиски (слични) особини (во однос на материјалната положба, образованието, религијата, етничката припадност, занимањето, возраста и сл.), до толку постои поголема веројатност бракот да биде постабилен, похармоничен и поинтегриран.[3] Колку нашите претци за тоа (да се склопат хомогамни бракови по разни основи) да не воделе посебно сметка, таквата практика вила наметната и објективно детерминирана.

Меѓутоа во Македонија,заради постоењето на различни етнички групи, се склучувал и по некој етнички мешан брак, но најчесто во рамките на иста конфесионална заедница. Помеѓу припадниците од различни религии, без да се промени религијата, скоро без исклучок било забрането склучувањето на бракови. Тоа ја потврдува тезата дека религиски и културно дистинктните обрасци што се формирале претставувале пречка за склучување но и за одржување на мешани бракови. Со социјализацијата формираните предрасуди во одделни етнички средини за другите етнички групи во голема мерка ги лимитираат севкупните контакти, па и можностите за склучување на брачни врски. Кај поедини етникуми се пренагласуваат културните разлики во однос на другите групи, дури често се нагласува и истакнува нивната инфериорност, со цел контактите да се проретчат или потполно оневозможат. Така различните културни однесувања, што се производ на културните обрасци кои определена култура ги воспоставува како стандард, ја оневозможуваат културната комуникација со другите етнички групи и често пати со пренагласувањето на етничките разлики го оневозможуваат склучувањето на брачни врски. Дури и кога ќе дојде,најчесто случајно или инструментално, одредени врски да се воспостават, тие не се од трајна природа.

Република Македонија има хетерогена етничка и религиска структура. Таквата општествена состојба постојано ги упатува и ги доведува припадниците со различно етничко потекло на

---

3 Petrovic R.: Etnički mesoviti brakovi u Jugoslaviji, Institut za socioloska istraživanja, Filozofski fakultet, Beograd, 1985 g.

меѓусебни контакти на сите подрачја од општествениот живот. Во Република Македонија покрај најбројната национална група – Македонци – (околу 67% од вкупното население, според податоците од последниот попис на населението) живеат и граѓани од несловенско потекло (Албанци, Турци, Роми и сл.) и припадници од други етникуми од словенско потекло (Срби, Хрвати, Бугари и сл.). Меѓутоа иако една третина од жителите од Македонија, или секој трет жител, не е Македонец во етничка смисла на зборот, и покрај етничката шареноликост, главно се склучуваат етничко хомогамни бракови. Тоа значи дека најголемиот број брачни врски се склучуваат во рамките на својата етничка група. Така браковите склучени на таа основа се постабилни и поцврсти. Меѓутоа помеѓу етничките групи постои различна стабилност на браковите, иако кај доминантните етнички групации (Македонци, Албанци, Турци) постои, односно покажуваат голема стабилност. Ова е значајно да се истакне дека се однесува за браковите склопени внатре во рамките на одредена етничка група, односно кај етнички хомогамните бракови. На тој план Македонија како држава се карактеризира со релативно ниска стапка на диворцијалитет (во Македонија се разведува еден на 14 склопени бракови, а во САД еден од два склопени). Се разбира дека не може да се тврди, за браковите што не се разведуваат, дека се цврсто интегрирани и дека успешно ги исполнуваат своите цели и функции. Дури може да се тврди дека еден број на бракови не се такви. Меѓутоа заради негативната општествена реакција спрема разводите (според вкоренетото со традицијата сфаќање тие да не се одобруваат) често пати и кога брачната заедница е дезинтегрирана бракот не се разведува, што стапката на разводи ја прави ниска.

За проблемот што е предмет на нашиот интерес значајно е да се истакне во колкава мерка доаѓа до склучување и разведување на бракови меѓу различни етнички и религиски групи, како единствен индикатор за дезинтеграција на таа основа. Тоа е значајно зашто во такви случаи кога бракот е мешан, кога постои етничка и верска хетерогамија, треба да се направат дополнителни напори како би се усогласиле односите меѓу сопружниците кои припаѓаат на различни културни традиции, имаат различни обичаи, системи на вредности и сл. Според досегашните сознанија во Македонија доаѓало до извесно преплетување на културите,

иако во основа постојат значајни разлики (главно религиски условени) во системите на вредности, обичаи и слично, што може да биде еден од факторите на стабилност, односно нестабилност на бракот, односно да влијае на неговата интеграција или дезинтеграција.

За Република Македонија е карактеристично тоа што до седумдесеттите години брачната етничка хомогамија бележеше благ пораст. Најмногу мешани бракови беа склучени во 1965 година, 14,5%, односно тогаш секој седми брак беше мешан по етничка основа. Оттогаш натаму започнува постепено опаѓање на бројот на мешаните бракови, така што во 1980 тој изнесува 7,8%. Опаѓање на мешаните врски се забележува скоро кај сите етнички групи, особено кај најбројните (македонската, албанската, турската). Престанувањето да се мешаат овие групи доведе до значајно намалување на етничката хетерогамија во републички рамки. Намалувањето ќе беше уште поголемо ако не го одржуваа албанско-турските, албанско-муслиманските и турско-муслиманските врски, како и релативно малубројните врски на македонската група со припадниците од српска, бугарска и југословенска група. (Ова последната во тоа време изразена како група во национална смисла, иако всушност се работеше за граѓани од мешано национално потекло, кои беа често национално неопределени). Интересно е да се погледа меѓу кои етнички групи доаѓаше најчесто до мешани бракови. Според статистичките показатели најчесто мешани бракови се склучуваат меѓу оние припадници од етнички групи кои се слични по своите општествени карактеристики, кога постои територијална блискост, како и јазична и религиска блискост. Според поширокото потекло населението во Македонија може да се подели на население од словенско и население од несловенско потекло. При склучувањето бракови оваа сродност има одредено влијание. За Македонците етничката хетерогамија е во рамките на јазичката сродност и според некои индикатори и религиска сродност[4]. Меѓутоа логично е да се претпостави дека полесно се склучуваат бракови

4 За религиската блискост или за припадноста кон одредена конфесија претпоставуваме според некои поранешни показатели и надворешни знаци, бидејќи според ова обележје не постои статистичка евиденција.

во рамките на иста религиска припадност, отколку меѓу припадници од различна. Браковите склучени на оваа основа (национална или етничка хетерогамија, а верска хомогамија) има за последица намалување на културните разлики меѓу сопружниците и на таа основа ги намалува шансите да доаѓа до несогласувања кои би ја намалиле брачната кохезија и интеграција и значајно ви влијаеле на стабилноста на бракот, отколку кога би постоела религиска хетерогамија[5]. Според досегашните сознанија Македонците најчесто склучуваат мешани бракови со припадници од други етнички групи кои се наоѓаат во рамките на иста религиска припадност, односно при постоење на религиска хомогамија, во рамките на етничката хетерогамија.

Кај албанската и кај турската етничка група истата религија и религиска традиција претставуваат основен интегративен фактор. Меѓу припадниците од овие етнички групи етнички мешовити бракови се склучуваат токму и најчесто меѓу нив, односно кај нив етнички хетерогамните бракови се религиски хомогамни.

Веќе е истакнато дека меѓу етничките групи од различни причини постои различита брачна стабилност. Најбројните групи во Македонија компарирани со другите држави (и народи) се групи со релативна брачна стабилност. Но кај етнички мешовитите бракови се покажува дека стапката на разводи е нешто повисока кај овие групи, отколку кога се наоѓаат во етнички хомогамни бракови. Како да се објасни поголемата нестабилност кај овие бракови, односно дали само етничката хетерогамија е причина за зголемената стапка на дезинтеграција и диворцијалитет? Со сигурност може да се тврди дека на повисоката стапка на разводи кај етнички мешовитите бракови влијаат и други фактори, како што се блискоста на занимањето, образовното ниво, местото на живеење, бројот на деца во бракот итн. Досегашните проучувања на разводите укажуваат дека најчесто до развод не доведува само влијанието на еден фактор, туку најчесто се работи за еден комплекс од фактори. Македонците во Македонија најчесто

5 Во моето истражување за причините за разводите на бракот добивав јасни одговори дека токму различната религиска припадност кај мешаните бракови била значајна причина за развод.

склучуваат бракови со Македонки, но и се разведуваат најчесто од Македонки. Од другите групи најчесто се разведуваат од припаднички кои званичната статистика ги водеше како други народности, што значи оние кои не припаѓаат на албанската, турската и ромската етничка група, а најверојатно се припадници од групите со кои имаат заедничко пошироко етничко потекло (од српска, хрватска, црногорска, бугарска или словенечка група).

Недвојбен е фактот дека на разводите влијаат повеќе фактори. Меѓутоа поголемата нестабилност на етнички хетерогените бракови може да се објасни како последица на општествените карактеристики, при што, според мое мислење, посебно место заземаат етно-културните разлики и особености. До таков заклучок се доаѓа на релативно едноставен начин: бидејќи другите особености се дистрибуирани како и кај другата популација, единствена разлика е во етничката припадност. Дури стабилноста на етнички хетерогамните бракови би била и помала, или нестабилноста би била уште поголема, ако во спротивна насока не делува емотивната компонента. Најголемиот број такви бракови се склучуваат од љубов. Меѓутоа заради делувањето на културно-традициските фактори (се работи за различни култури), тие бракови се нешто понестабилни. И се чини нестабилноста на етнички хетерогамните бракови би била уште поголема, ако не би се склопувале во рамките на истиот културен круг.

Другата по бројност етничка група во Македонија, албанската, може да се забележи дека има релативно мала хетерогамија. Но заради нешто поголемиот број машка популација мораат да се женат со жени од друга етничка припадност, но најчесто од истиот традициски и културен круг. Меѓутоа и покрај тоа мешаните бракови се пет пати понестабилни од етнички хомогамните бракови. Тоа е уште еден доказ дека етничките особености играат главна улога, особено кај мешаните бракови кои не се само национално, туку и верски хетерогамни.

На стабилноста на браковите кај албанската популација влијаат и некои други општествено-економски фактори.Така кај нив нивото на образование е пониско, главно се врзани за земјоделието, бројот на децата е поголем, како и поприсутни се остатоци од традиционални односи. Заради влијанието на исламската култура жената има посебен третман. Таа најчесто е изолирана од контакти со други мажи и од општествени активности. Ме-

шовитите бракови што ги склучуваат Албанците најчесто се со жени од друг културен круг и заради културните разлики се помалку стабилни во споредба со другите бракови. Тука значајно не помагаат ни факторите кои имаат стабилизирачко влијание. Албанките, пак, најчесто склучуваат бракови со припадници од својата етничка група. Ретките хетерогамни бракови на Албанките се во рамките на истиот културен круг (најчесто се мажат за Турци).

Заедничка карактеристика за сите најбројни етнички групи во Македонија е тоа што имаат ниска стапка на етнички мешани бракови и што од друга страна пак постои поголема нестабилност кај етнички хетерогамните бракови. Претпоставка е дека покрај неетничките особини како фактор на зголемена нестабилност влијаат токму етнокултурните разлики, особено кај браковите склучени меѓу припадници кои потекнуваат од различни културни кругови.

Меѓутоа, Македонија не претставува ниту моноконфасионална заедница. Во нејзини рамки најбројни се припадниците од христијанската и муслиманската религија, кои, пак, помеѓу себе се разликуваат по своите ставови во однос на бракот и разводот на бракот. Како последица од делувањето на религијата кај припадниците од различна вера се формираат различни културни обрасци на однесување, но и различни ставови за целите и суштината на бракот и семејството, за односите во семејството и слично. Така според христијанското учење бракот е нераскинлив, додека со исламот тоа е допуштено. Навистина таму разводот се смета за нужно зло[6], но сепак е дозволен. Заради попречување тоа право да се злоупотребува, се воведени некои мерки од правна и економска природа (покрај обичајното право) како превенција од големиот број на разводи. Така се воведени одредени надоместоци по разни основи и се предвидени условите под кои може да се раскине бракот, што на него влијаело стабилизирачки.

Во секој случај нормално е да се очекува заради делувањето на религискиот фактор стапката на разводи да биде различна кај припадниците со различна вероисповед, односно зара-

6 Види за ова кај Hursid A.: Porodični život u islamu, Sarajevo, Svjetlost, 1978 год.

ди пермисивноста на исламската религија таа таму да биде поголема. Меѓутоа за тоа званичната статистика не дава податоци, но и според едно мое истражување таа теза не се потврдува.[7] Како да се објасни тоа? Едно можно размислување и објаснување е дека делувањето на други фактори во спротивна насока од оние кои влијаат дестабилизирачки е поголемо, та затоа браковите се постабилни. Меѓу факторите што влијаат на брачната кохезија и интеграција секако е големо присуството на елементи од патријархалниот морал кај припадниците од оваа конфесија, присуството на поголем број деца отколку кај православните, пониското ниво на образование и на таа основа релативно пониските квантум на аспирации, занимањето и сл. Така тезата дека верскиот либерализам оди нарака на зголеменото присуство на разводите на бракот донекаде треба да се корегира за нашата држава, бидејќи постои делување на фактори во спротивна насока и чие влијание е посилно.

Во врска со стабилноста и кохезијата на бракот значајно е да се истакне и проблемот со верски хетерогамните бракови. Во принцип сите религии се исклучиви и не допуштаат склопување брак со припадник од друга религија. Но бидејќи љубовта не познава никакви бариери, та ни религиски и такви бракови сепак се склучуваат, едниот од сопружниците треба да ја промени верата. Ако не ја промени се разведуваат доста рано поради верската нетолеранција. Меѓутоа кога формалниот услов се исполнува, бракот понатаму ќе се третира како верски хомогамен. Но тоа е формалната страна. Суштинската страна се состои во тоа што во поранешниот живот верскиот фактор влијаел врз формирањето на различни матрици за животот воопшто и за брачниот и семејниот живот посебно. Освен тоа за склучување на верски мешан брак во голема мерка се противи околината и со сите средства таа настојува тој да не биде успешен. Неговото раскинување, поради разните проблеми што се појавиле пред него и што младите кои се во мешан брак треба да ги совладуваат, ќе биде доказ повеќе дека тој не требало ни да се склопува. Колку и да влијаеле други фактори во спротивна насока, најчесто е тешко да се парализираат влијанијата на верската хетерогамија.

7 Види за ова Стојаноски Н., наведениот труд.

Иако кај брачната дисолуција влијаеле бројни фактори со различна јачина, сепак делувањето на факторот што потекнува од различната религија е посебно значајно. Тоа делување не може да се анулира, ниту од делувањето на емотивниот фактор, кој според мое мислење иако е недофатлив за емпириска верификација, кај овие бракови е поприсутен. Но и покрај неговото силно влијание да се делува спротивно на општествените очекувања се покажува дека често е неможно.

Намерата ни беше во овој труд да покажеме колку етничките и културните обрасци влијаат на брачната интеграција или доведуваат до дезинтеграција. Се покажа дека тие имаат значајно влијание на семејната дезинтеграција, но секако не смеат да се занемарат, туку мора да се земе предвид и влијанието на други фактори. Секако сме свесни за ограниченоста на бројот на индикатори кои би ја потврдиоле семејната интеграција или дезинтеграција, но сметаме дека се овие меѓу позначајните и дека делуваат со голема сила на дезинтеграција на семејствата. Во секој случај на проблемот на семејната интеграција треба да му се посвети соодветно внимание.

***Dr. Nelko Stojanoski***

### *Ethno-traditional and Religiously Distinctive Cultural Patterns as a Factor of Family (Dis)Integration*

Summary

*The dissertation analyses the influence to the family (dis)integration over two very important factors: ethnic and traditional, and religious and cultural patterns. These factors are firmly strengthened with the socialization within different ethnic groups, especially those groups where there is a different religious confession. It has been proved that mixed marriages (ethnic and religious) are more easily breakable, which means less internally integrated, because of the internal interiorized cultural patterns and because of the different religious confession.*